Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Двесте и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 декември 2023 година**

Седницата започна во 14:20 часот.

На седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствува и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу

заедниците, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*
*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 203-та седница на Владата, одржана на 28 ноември 2023 година
-Усвојување на Записникот од 204-та седница на Владата, одржана на 6 декември 2023 година

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година

2. Информација со Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар

3. Информација за вложени парични средства на Владата во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица", Пробиштип, како основачки влог

4. Годишна сметка за 2022 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година, со Извештај од независните ревизори и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за 2022 година, со предлог-одлуки

5. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И 04, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станови, локали и паркинг места во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И 04, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје

6. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за склучување на Анекс 6 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на

Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со прилози и предлог-одлуки

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје

8. Предлог-одлука за продажба на движни ствари-меркантилна пченица

9. Предлог-одлука за продажба на движни ствари-јачмен за сточна храна

10. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Џери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л, Милано дов.бр. 123/1 од 14.10.2015 година, со Предлог-одлука и текст на Анекс договор бр.1

11. Тарифа на Централен регистар на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 300/1, КО Саждево и КП бр. 5450 КО Крушево)

13. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5449, КО Крушево)

14. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крушево

15. Предлог-одлука за отстуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

16. Информација за потребата од донесување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за воспитно-образовна психосоцијална поддршка ВОПС Охрид, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со решавање на правен статус на објекти со незапишани права, со дополнувања

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски и зелени зони

19. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

20. Информација за преземање неодложни мерки за третман на стоки запленети во царинска постапка од страна на Царинската управа, со прилози

21. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-6890/5 од 16.8.2023 година, поднесено од Општина Македонски Брод, со прилози

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат во с. Герман, КО Герман, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2023 година

24. Информација за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ), со текст на Акциски план

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Кратис, Кратово, со Предлог-решение

26. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2", Општина Неготино 8/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

27. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река и бр.277 Воденешница

28. Предлог-одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-дијабаз на локалитетот „Корешница", Општина Демир Капија од градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштвото за трговија, и услуги Аква ривер ДООЕЛ Охрид

29. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост" с.Шупли Камен, Општина Куманово

30. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот во близина на с.Коселери, Општина Лозово

31. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-подземна вода на локалитетот „Кафтанџица“, Општина Битола

32. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Голем Дол“, Општина Сопиште

33. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање (МзР) за соработка за развој на доброволни пазари за јаглерод меѓу Владата на Република Северна Македонија и Карбонерс лимитед, со усогласен текст на Меморандум

34. Информација за регулирање на очекуваните финансиски загуби на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, заради застои во работењето при адаптацијата на Спортскиот центар за потребите на одржувањето на Конференцијата на Министерскиот совет на 30 ноември и 1 декември 2023 година

35. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за абдоминална-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и ургентен центар-Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје

36. Предлог-финансиски план за 2024 година на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и Предлог-одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2024 година

37. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1568 и Имотен лист бр.5653, за КО Инџиково, на КП бр.499/2, викано место/улица „Геран“

38. Понуда од Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.899, за КО Бутел, на КП бр.4970, викано место/улица „Хо Ши Мин“

39. Кадровски прашања

40. Прашања и предлози

41. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2022 година

42. Информација за прогресот во однос на наплатата на ненаплатените побарувања од јавните комунални претпријатија, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип

43. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за период од 1.7.2023 година до 30.9.2023 година

44. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за трет квартал 2023 година

45. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јули-септември 2023 година

46. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 април 2023 година до 30 јуни 2023 година

47. Информација за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Скај Солар 1)

48. Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за набавка на лесни оклопни возила на тркала, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман број 2

49. Информација за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука

50. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 јули 2023 година до 5 ноември 2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи

51. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на

пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 ноември 2023 година до 6 декември 2023 година

52. Информација за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука

53. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година

54. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

55. Информација по однос на развој на информативен систем за управување со учење-LMS (Learning Management System) за вработените во јавната администрација

56. Информација за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Скај Солар 3)

57. Информација за склучување на договор помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) за спроведување на активности во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети-Фаза 2“

58. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

59. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 ноември 2023 година до 4 декември 2023 година

60. Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации

61. Предлог на закон за изменување на Законот за судска служба, по скратена постапка

62. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Цветкоски против Република Северна Македонија А. бр. 55849/20

63. Информација со Предлог-развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2027), со Акциски план и со текст на Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)

64. Информација за потпишување на Љубљанско-хашката конвенција за меѓународна соработка во истрагата и гонењето на злосторството геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и други меѓународни злосторства, со текст на Конвенција

65. Предлог на закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба, по скратена постапка

66. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Скрчески против Република Северна Македонија А. бр. 37954/21

67. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први “-Скопје, со Предлог-одлука

68. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Дишлиоски 2019 Струга, со Предлог-решение

69. Предлог на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*)

70. Информација за измена на повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за „Реконструција и адаптација на КАРИЛ-Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување“

71. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за агрикултура и фармација СЕЈФ фарма ДООЕЛ увоз-извоз с.Бистренци Демир Капија, со Предлог-одлука

72. Информација за одземање на одобрението за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Канабис-ПРО ДОО увоз-извоз Струмица, со Предлог-одлука

73. Информација со Барање за обезбедување на финансиски средства за Јавно претпријатие Национални шуми п.о. Скопје во износ од 70.000.000,00 денари

74. Информација за вработување на приватни специјализанти од областа на медицината за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во 2024 година

75. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за реализација на проектот за реконструкција и опремување на операциони сали и оддел за интензивна нега при ЈЗУ Клиничка болница-Тетово

76. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година и Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин", Битола

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Средно општинско „Св.Наум Охридски", Македонски Брод

79. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија", Скопје

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Средно општинско училиште со Ученички дом „Димитар Влахов", Струмица

82. Информација за поврат на средства согласно Извештајот од ОЛАФ OC/2019/0983/B4

83. Предлог на закон за изменување на Законот за управување со дополнителни текови на отпад

84. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

85. Информација за потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го застапува Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Република Северна Македонија по тужба добиена од тужителот ГД „Гранит" АД Скопје за Тендер 1-Дел 2

86. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“, Скопје

87. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“, Прилеп

88. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“, Гостивар

89. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“, Скопје (режиски трошоци).

90. Предлог-одлука за доделување на средства на Државно средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“, Охрид

91. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“, Штип

92. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје

93. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавна установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“, Куманово

94. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Браќа Миладиновци“, Струга

95. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци

96. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“, Скопје (режиски трошоци).

97. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“, Велес.

98. Предлог-одлука за доделување на средства на Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“, Скопје

99. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклински“, Кратово

100. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Тетово“, Тетово

101. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“, Битола

102. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка

103. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци).

104. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

105. Предлог-одлука за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП бр. 416 КО Доброшани, Општина Штип

106. Информација за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година

107. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година

108. Информација за потреба за пополнување работни места кои се неопходни за вршење на основната дејност на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

*
* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 203-та седница на Владата, одржана на 28 ноември 2023 година и Записникот од 204-та седница на Владата, одржана на 6 ноември 2023 година.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

Истовремено, потребно е мерките и активностите предвидени во Програмата да се димензионираат и реализираат согласно обезбедените буџетски средства за соодветната фискална година, без да се преземаат обврски за наредниот среднорочен период.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар, ја усвои и ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за вложени парични средства на Владата во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип, како основачки влог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Средствата кои Владата ги има вложено во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип во 2022 година во вкупен износ од 1.893.622 денари, дел од нив во износ 572.000 денари да се запишат како основна главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а дел од нив во износ од 1.321.622 денари да се евидентираат како средства за работење и развој на претпријатието со третман на (приход, одложено признавање на приходи).

2. Се укажува на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип да изврши корекција во книговодствените книжења за 2022 година во согласност со точка 1 од заклучоците.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип да изврши корекција во Статутот на Јавното претпријатие во согласност со точка 1 од заклучоците.

4. Средствата кои Владата ќе ги вложува во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип или директно ќе ги исплаќа на изведувачите за проектот „Злетовица“ во наредниот период, а ќе бидат наменети за инвестициски, капитални, проекти да се евидентираат како средства за работење и развој на претпријатието со третман на (основна главнина, приход, одложено признавање на приходи, заем или др.).

5. Институциите преку кои ќе се вложуваат средства на Владата во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип или директно ќе ги исплаќа на изведувачите за проектот „Злетовица“ во наредниот период во решенијата за исплата јасно и недвосмислено да се наведува третманот на евиденција на средствата.

6. Се укажува на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“, Пробиштип повратот на средствата од 3.414.558 денари во Буџетот на Република Северна Македонија извршен на 4.7.2023 година да го евидентира како (намалување на основната главнина, трошок од минати години, намалување на обврската за кредит спрема Министерството за финансии или др.).

## Точка 4

Владата по Годишната сметка за 2022 година, финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година, со Извештај од независните ревизори и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за 2022 година, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година.

3. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година (Кристијан Трајковски-извршен член).

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година (Зоран Ѓоргијев извршен член).

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година (Шукри Масурица-неизвршен член).

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година (Мухамед Љамалари-неизвршен член).

8. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2022 година (Силвана Јовческа-независен неизвршен член).

Истовремено, се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 30 дена, до Владата да достави акциски план со конкретни мерки и активности за постапување по ревизорскиот извештај.

**Точка 5**

Владата ги донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И О4, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје и Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станови, локали и паркинг места во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И О4, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје.

**Точка 6**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за склучување на Анекс 6 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со прилози и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, и

2. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

Притоа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење се иззема од одлучување по однос на оваа точка.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари-меркантилна пченица.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари-јачмен за сточна храна.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Цери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л, Милано дов.бр. 123/1 од 14.10.2015 година, со Предлог-одлука и текст на Анекс договор бр.1 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Цери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л, Милано дов.бр. 123/1 од 14.10.2015 година, во насока на промена на давателот на државна помош во име на Владата.

2. Се задолжува давателот на државна помош од Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Цери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л, Милано дов.бр. 123/1 од 14.10.2015 година, да ја достави до Дирекцијата за технолошки индустриски зони, комплетната документација и евиденција за доделена државна помош по основ на Договорот.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и не ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.300/1, КО Саждево).

2. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 5450 КО Крушево).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5449, КО Крушево).

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крушево.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за воспитно образовна психосоцијална поддршка ВОПС Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за воспитно-образовна психосоцијална поддршка ВОПС Охрид.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со решавање на правен статус на објекти со незапишани права со дополнувањата ја усвои и препорача на Општина Кавадарци да продолжи со постапката, согласно Законот за градење.

**Точка 18**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски и зелени зони, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот истиот да го усогласи со Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

## Точка 19

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).

## Точка 20

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за преземање неодложни мерки за третман на стоки запленети во царинска постапка од страна на Царинската управа, со прилози, за наредната седница на Владата.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-6890/5 од 16.8.2023 година, поднесено од Општина Македонски Брод, со прилози ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.420.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народната банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати почнувајќи од 31.12.2023 година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат во с. Герман, КО Герман, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат во с. Герман, КО Герман, Општина Ранковце.

## Точка 23

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2023 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ), со текст на Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ) за периодот 2024-2026 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии-Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за млади и спорт и се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, најдоцна до 31.3.2024 година, да го информираат Министерството за економија за статусот на реализација на мерките наведени во Акцискиот план за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ) за периодот 2024-2026 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Кратис, Кратово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел втора категорија со четири (4) ѕвезди

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино 8/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино 8/2023.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река и бр.277 Воденешница и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 3.4.2024 година.

2. Го задолжи Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување

на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

3. Го задолжи Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река, најмалку до 3.5.2024 година.

4. Го задолжи Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 27.4.2024 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

5. Го задолжи Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 277 Воденешница, најмалку до 27.5.2024 година.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-дијабаз на локалитетот „Корешница", Општина Демир Капија од градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштвото за трговија, и услуги Аква ривер ДООЕЛ Охрид.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост" с.Шупли Камен, Општина Куманово.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот во близина на с.Коселери, Општина Лозово.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-подземна вода на локалитетот „Кафтанџица", Општина Битола.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Голем Дол“, Општина Сопиште.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање (МзР) за соработка за развој на доброволни пазари за јаглерод меѓу Владата на Република Северна Македонија и Карбонерс лимитед, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање (МзР) за соработка за развој на доброволни пазари за јаглерод меѓу Владата на Република Северна Македонија и Карбонерс лимитед.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции да го потпише Меморандумот за разбирање (МзР) за соработка за развој на доброволни пазари за јаглерод меѓу Владата на Република Северна Македонија и Карбонерс лимитед.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на очекуваните финансиски загуби на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, заради застои во работењето при адаптацијата на Спортскиот центар за потребите на одржувањето на Конференцијата на Министерскиот совет на 30 ноември и 1 декември 2023 година, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи да ги надомести очекуваните финансиски загуби на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, кои се проценуваат во износ од 21.405.002,00 денари, од сопствениот буџет и неискористените средства од одобрениот буџет за Конференцијата од страна на Владата.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за абдоминална-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и ургентен центар-Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 и 2025 година на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за абдоминална-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и Клинички ургентен центар-Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје во вкупна вредност од 290.752.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 59.688.000,00 денари во 2024 година и

- 231.064.000,00 денари во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството здравство потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлог-финансискиот план за 2024 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 35 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22), Собранието го усвојува Предлог-финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход:

-којшто не може да биде повисок од 0,1% за носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Македонија и

-којшто не може да биде повисок од 0,1% за давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, пресметан според податоци од Централниот регистар на Република Северна Македонија или утврден согласно со членот 5, остварен во

годината којашто и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план.

Регулаторната комисија за енергетика предлага надоместокот за 2024 година да изнесува 0,0364% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и 0,0364% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги. Основа за пресметка на процентот на зафаќање е приходот остварен во годината којашто и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план. Податоците за вкупниот приход остварен во 2023 година од вршење на енергетски дејности од страна на носителите на лиценци и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водни услуги, се земаат од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Собранието на Република Северна Македонија го усвојува Предлог финансискиот план и со Одлука го утврдува процентот на зафаќање поодделно за носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и за давателите на водни услуги.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Предлог финансискиот план за 2024 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2024 година, имајќи предвид дека во финансискиот план е наведено дека вкупните расходи за 2024 година изнесуваат 230.223.412 денари и истите ќе се користат за обврските кои произлегуваат од редовното работење на Регулаторната комисија за енергетика, како и за обврските кои произлегуваат од Законот за енергетика и учеството на Регулаторната комисија во меѓународните организации и институции и останати обврски преземени на меѓународно ниво.

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1568 и Имотен лист бр.5653, за КО Инџиково, на КП бр.499/2, викано место/улица „Геран“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.899, за КО Бутел, на КП бр.4970, викано место/улица „Хо Ши Мин“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

1. Владата го отповика Хавзи Емини од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, предложен од страна на синдикатот, поради истек на мандатот.

1.1. Владата го избра Милорад Милановиќ за независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, предложен од страна на синдикатот.

2. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија.

3. Владата го разреши Малиќ Шемшедини од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

4. Владата го именува Малиќ Шемшедини за директор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

5. Владата го разреши Душан Стојановски од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, Скопје.

5.1. Владата го именува Душан Стојановски за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, Скопје.

6. Владата го именува Авдуљ Селам Селами за вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на должноста директор на Бирото и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го именува Емир Сулејмани за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за

правда, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата ја разреши Љупка Цикарска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на нејзино барање.

8.1. Владата го именува Љубомир Поповски за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, за период од две години.

9. Владата утврди престанок на мандатот на Јован Теговски, претставник од Владата на Република Северна Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија.

9.1. Владата ја определи Катерина Пејкова за претставник од Владата на Република Северна Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија.

10. Владата ја разреши Верче Миткова од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

10.1. Владата ја именува Живка Јанева за член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

11. Владата го отповика Ќани Сеадиновски од должноста член на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

12. Владата ја разреши Ана Манасиева од должноста член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

12.1 Владата го именува Ќани Сеадиновски за член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

13. Владата го разреши Валон Ќура од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено-поправен дом од отворен вид-Струга.

14. Владата го именува Ирфан Каба за вршител на должноста директор на КПУ Казнено-поправен дом од отворен вид-Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата заклучи да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните

кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Државниот испитен центар.

16. Владата по објавениот Јавен оглас бр.15/2023 за именување директор на Бирото за метрологија, објавен на 15.9.2023 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", заклучи да не врши избор.

17. Владата по објавениот Јавен оглас бр.14/2023 за именување директор на Управата за водење на матичните книги, објавен на 12.9.2023 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", заклучи да не врши избор.

18. Владата постапувајќи по Известувањето на Собранието на Република Северна Македонија бр.09-6174/5 од 18.12.2023 година заклучи да достави писмо до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со барање на мислење во писмена форма за пријавените кандидати по Одлуката за огласување на именување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија бр. 08-6174/1 од 27 ноември 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/23).

<u>Точка 40</u>

**1.** Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**3.** Владата го разгледа Известувањето за состојбата со вработените во Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ-Скопје, го прифати Барањето на согласност за неопределени вработувања и ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ-Скопје.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Здружението на слепите лица за користење на деловен простор, со Предлог-одлука, доставено под бр.03-363/1 од 11.12.2023 година и го прифати со следните заклучоци:

1) Ја донесе Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје.

2) По влегувањето во сила и спроведување на Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје во Катастарот на недвижности, на

првата наредна редовна седница на Владата да се разгледаат Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението на слепи лица на Општина Велес-Велес и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје.

**5.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на заклучоци од Двесте и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2023 година, точка 1, „Информација за водените разговори со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за време на мисијата за првиот и вториот преглед на Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL)" и заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1) Го усвои новиот текст на Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL).

2) Се задолжува Министерството за финансии и се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија да го потпишат Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од Кредитната линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL) и да побараат користење на 85% од квотата или 119,26 милиони Специјални права на влечење (СПВ).".

<u>**Точка 41**</u>

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2022 година, како материјал за информирање.

<u>**Точка 42**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во однос на наплатата на ненаплатените побарувања од јавните комунални претпријатија, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица", Пробиштип, како материјал за информирање.

<u>**Точка 43**</u>

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за период од 1.7.2023 година до 30.9.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за трет квартал 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јули-септември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 април 2023 година до 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Скај Солар 1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на договор влада со влада за набавка на лесни оклопни возила на тркала, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман број 2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот број 2 кон Писмото за понуда и прифаќање МК-В-UCE, за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот број 2 кон Писмото за понуда и прифаќање МК-В-UCE, за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

3. Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена пред потпишување на Амандманот број 2

кон Писмото за понуда и прифаќање МК-B-UCE, за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Скај Солар 4).

**Точка 50**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 јули 2023 година до 5 ноември 2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 51**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 ноември 2023 година до 6 декември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Скај Солар 2).

**Точка 53**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии и Беким Рецепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на развој на информативен систем за управување со учење-LMS (Learning Management System) за вработените во јавната администрација, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Скај Солар 3), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) за спроведување на активности во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети-Фаза 2“ како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 59**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 ноември 2023 година до 4 декември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за судска служба, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за судска служба, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ,

заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Цветкоски против Република Северна Македонија А. бр. 55849/20 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Цветкоски против Република Северна Македонија А. бр. 55849/20.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот ќе му исплати вкупен износ од 2.350 евра за нематеријална штета и трошоци, зголемен за било кој износ кој може да му биде наплатен на апликантот.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, доколку апликантот во предметот Цветкоски против Република Северна Македонија А. бр. 55849/20 не ја прифати понудата за спогодбено решавање на апликацијата пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот, односно да му исплати на апликантот 2.115 евра во денарска противвредност за нематеријална штета и трошоци, зголемен за било кој износ кој може да му биде наплатен на апликантот, согласно одлуката на Европскиот суд за човекови права по евентуална постигната пријателска спогодба во случајот Цветкоски против Република Северна Македонија А. бр. 55849/20.

**Точка 63**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со предлог развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2027), со Акциски план и со текст на Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028), за наредната седница на Владата, поради потребата Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и другите надлежни институции да достават мислење по материјалот.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Љубљанско-хашката конвенција за меѓународна соработка во истрагата и гонењето на злосторството геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и други меѓународни злосторства, со текст на Конвенција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Љубљанско-хашката конвенција за меѓународна соработка во истрагата и гонењето на злосторството геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и други меѓународни злосторства.

2. Се определува м-р Кренар Лога, министер за правда, во името на Република Северна Македонија, да ја потпише Љубљанско-хашката конвенција за меѓународна соработка во истрагата и гонењето на злосторството геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и други меѓународни злосторства.

## Точка 65

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда, м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Скрчески против Република Северна Македонија А. бр. 37954/21 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за

спогодбено решавање на предметот Скрчески против Република Северна Македонија А. бр. 37954/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот ќе му исплати вкупно паричен износ од 4.450 евра во денарска противвредност за нематеријална штета и трошоци, зголемен за било кој износ кој може да му биде наплатен на апликантот.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, доколку апликантот во предметот Скрчески против Република Северна Македонија А. бр. 37954/21 не ја прифати понудата за спогодбено решавање на апликацијата пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот, односно да му исплати на апликантот 4.005 евра во денарска противвредност за нематеријална штета и трошоци, зголемен за било кој износ кој може да му биде наплатен на апликантот, согласно одлуката на Европскиот суд за човекови права по евентуална постигната пријателска спогодба во случајот Скрчески против Република Северна Македонија А. бр. 37954/21.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први “-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Дишлиоски 2019 Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 69

Владата го разгледа Предлогот на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 70**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за измена на повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за „Реконструција и адаптација на КАРИЛ-Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување“, за првата наредна седница на Владата по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз-извоз с.Бистренци Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на Одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз-извоз с.Бистренци Демир Капија.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрението за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги КАНАБИС-ПРО ДОО увоз-извоз Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КАНАБИС-ПРО ДОО увоз-извоз Струмица.

**Точка 73**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Барање за обезбедување на финансиски средства за ЈП Национални шуми п.о. Скопје во износ од 70.000.000,оо денари, поради потребата материјалот да се разгледа во редовна владина постапка (Генерален колегиум на државни секретари и Комисија за економски систем и тековна економска политика).

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на приватни специјализанти од областа на медицината за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во 2024 година и го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за здравство во рок од шест месеци да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, во насока на создавање на услови за директно вработување на приватните специјализанти по примерот на измените за вработување на кофинансираните специјализанти.

Истовремено, Владата заклучи Информацијата за вработување на приватни специјализанти од областа на медицината за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во 2024 година повторно да се разгледа на првата наредна седница на Владата по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 75**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за реализација на проектот за реконструкција и опремување на операциони сали и оддел за интензивна нега при ЈЗУ Клиничка болница-Тетово, за првата наредна седница на Владата по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 76**

Владата ги разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година и Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“, Битола.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно општинско „Св.Наум Охридски“, Македонски Брод.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно општинско училиште со Ученички дом „Димитар Влахов“, Струмица.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за поврат на средства согласно Извештајот од ОЛАФ ОС/2019/0983/В4 и согласно расправата на седницата на Владата ги задолжи Секретаријатот за европски прашања и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност да го побараат официјалниот Извештај на ОЛАФ и потоа да го достават за истиот да се разгледа на затворена седница на Владата со цел натамошно постапување.

## Точка 83

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за управување со дополнителни текови на отпад и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за животна средина и просторно планирање да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за управување со дополнителни текови на отпад да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Неби Реџепи, државен секретар во Министерството животна средина и просторно планирање и Ана Каранфилова Мазневска, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го застапува Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Република Северна Македонија по тужба добиена од тужителот ГД „Гранит“ АД Скопје за Тендер 1-Дел 2 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги застапува интересите на Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија по тужба добиена од тужителот ГД „Гранит“ АД Скопје за Тендер 1-Дел 2.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да определи државен правобранител кој ќе ги застапува интересите на Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при

Стопанската комора на Северна Македонија по тужба добиена од тужителот ГД „Гранит“ АД Скопје.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“, Скопје.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“, Прилеп.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“, Гостивар.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“, Скопје (режиски трошоци).

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државно средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“, Охрид.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“, Штип.

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавна установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“, Куманово.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Браќа Миладиновци“, Струга.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци.

**Точка 96**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“, Скопје (режиски трошоци).

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“, Велес.

**Точка 98**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“, Скопје.

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклински“, Кратово.

**Точка 100**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Тетово“, Тетово.

**Точка 101**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“, Битола.

**Точка 102**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка.

**Точка 103**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци).

**Точка 104**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП бр. 416 КО Доброшани, Општина Штип.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година и притоа заклучи д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до 22 декември 2023 година (петок), да одржат координативен состанок, со цел изнаоѓање на решение за конечно надминување на ова прашање, кое повторно ќе се разгледа на седница на Владата по одржувањето на состанокот.

**Точка 107**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба за пополнување работни места кои се неопходни за вршење на основната дејност на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**